GS1 Македонија

**GS1 е-ИНФО**
Бр.28 - декември 2015

# Ви посакува среќни празници во 2016!



# Драги наши почитувани членки, поддржувачи на GS1 системот, партнери, колеги, пријатели

Како што се наближуваат празниците, тимот на GS1 Македонија се потсетува на убавите моменти кои ги помина со Вас во годината која изминува и на Вашата помош во остварувањето на нашите цели.

Ние го цениме Вашиот позитивен однос и соработката, како и взаемната почит кои ги негуваме со години и се надеваме на нивно зајакнување во годината која следува. Очекуваме да продолжиме да работиме со Вас на нови проекти и постигнеме уште поголеми успеси, бидејќи само со заеднички активности и здружени сили можеме да ги совладаме предизвиците кои не очекуваат во наредната година.

Тимот на GS1 Македонија Ви посакува Среќни Празници и Среќна Нова 2016 Година исполнета со мир, љубов, взаемна почит и напредок!

Со нашите написи, анализи, промоции, семинари, работилници, директни контакти и работа на терен, со несебичната помош која ја пружавме на сите на кои им беше потребна, континуирано во текот на 2015 година Ве мотивиравме да се приклучите кон GS1 Каталогот со внесување на Вашите производи и на тој начин придонесете за зголемување на сопствената конкурентност, ги исполните законските регулативи и ги зголемите можностите за пласман на домашните и странски пазари, одн. го интернационализирате Вашиот бизнис. Нашата заедничка цел е да македонскиот Каталог се приклучи кон GDSN мрежата на меѓународно ниво. Станува збор за платформа од 30 лиценцирани, меѓесебно синхронизирани каталози, каде се вклучени над 1 милион компании со преку 15 милиони производи од целиот свет.

Во овој број на е-Инфо ќе Ви ги пренесеме истражувањата за повраток на инвестицијата за една компанија со приклучувањето во GDSN, битен елемент при носење на деловна одлука, како и за продолжување на соработката со Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија со одржување на заедничка едукативна, интерактивна работилница.



Слаѓана Милутиновиќ,
извршен директор

# „Бенефитите на синхронизацијата на податоците во прехранбената индустрија“



Прехранбената индустрија има трислоен дистрибутивен синџир кој се состои од произведувач, дистрибутер и оператор. GS1 идентификационите клучеви може да се користат низ целиот дистрибутивен синџир. Глобално уникатен систем на нумерирање на производите без преклопување е многу важен за транспарентни, ефикасни и евтини процеси.

Секоја компанија има база на податоци со информациите за производите кои ги произведува, продава или купува. Овие бази на податоци играат улога на каталог, кој потрошувачите моеж да го користат за поставување на нарачки и менаџирање со производителите. Кога една компанија ќе ги промени или додаде нови информации во нивните бази на податоци, каталозите на нејзините трговски партнери не се повеќе синхронизирани. Овој проблем го решава синхронизацијата на податоците преку GDSN. GDSN нунди процеси за одржување на податоците синхронизирани, а во исто време успева во намалување на трошоците во дистрибутивниот синџир, нуди комплетни и точни податоци за производите и нуди основа за подобрена следливост.

## Анализирање на повратокот на инвестицијата за GDSN

Во претходните е-инфо весници ги потенциравме бенефитите кои што Вашата компанија ќе ги добие со нејзиното приклучување во GDSN. Меѓутоа, како и секој друг важен проект, трговските партнери мора да определат каков ќе биде повратокот на инвестицијата (ROI) од користењето на GDSN. Преку наредната анализа целта е да се демонстрира позитивниот повраток на инвестицијата за Вашата компанија преку подобро алоцирање на ограничените ресурси. Оваа анализа може да се користи како почетна точка за било која компанија врз основа на која може да се пресмета ROI.

| | | | | Остварно | Планирано |
|---|---|---|---|---|---|
| ЗГОЛЕМЕНА ПРОФИТАБИЛНОСТ | НАМАЛЕНИ ТРОШОЦИ (Подобрени операции) | Дистрибутивен синџир | Намалени трошоци за транспорт | 6.5% | 2-8% |
| | | | Подобрена продуктивност во дистрибутивната мрежа | 41% | 64% |
| | | | Подобрени операциите за примање на производи | 9% | Нема податоци |
| | | Администрација | Подобрена администрацијата на продуктивноста при нарачките администрацијата на продуктивноста при нарачките | 50% | 2-67% |
| | | | Намалување на периодите за решавање на проблемите со фактурите и купоните (Книговодство) | 8% | Нема податоци |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ЗГОЛЕМЕНА ПРОФИТАБИЛНОСТ | ЗГОЛЕМЕНИ ПРИХОДИ (Проширување на бизнисот) | Воведување на нов производ | Намалено време за дистрибуција на нарачката (побрзо пристугнување на производите до пазарите) | 23% | 67% |
| | | Услужни дејности | Намалени случаи на одбивање на купони на местото на продажба (Корисничка поддршка) | 40% | Нема податоци |
| | | Продажба | Намалено време на решавање на проблемите со податоците за производите (Продажба) | Нема податоци | 25-55% |

Постојат голем број функции и бизнис процеси на кои директно влијае или се директно подобрени со користењето на GDSN. Овие функции и бизнис процеси се користат како основа врз која се прави анализата на повратокот на инвестицијата. Според заедничката Accenture студија спроведена меѓу Grocery Suppliers Association (GMA), Food Marketing Institute (FMI), Wegmans Food Markets, Accenture LLP и 1SYNC.

Во студијата исто така се дискутираат некои дополнителни бенефити за трошоците и профитот:

“Истражувањето идентификува многу специфични точки на повраток на инвестицијата кои се претпоставува дека се само основата на она што е можно да се постигне со глобална синхронизација на податоците. Дополнителни организациони заштеди и профит може да се обезбедат тргнувајќи од овие основни точки.  Иако фокусот на истражувањето беше на бенефитите од синхронизацијата на податоците врз намалување на трошоците, глобалната синхронизација на податоците успева да понуди нови можности за зголемување на приходите. Успехот од синхронизацијата на податоците влијае врз многу функционални области во рамките на организацијата.”

Со цел да се изврши анализа на повратокот на инвестицијата, може да се искористи

листата на специфични точки понудена во следната табела. Анализата започнува со одредување на количеството на време и ресурси алоцирани од страна на вработените за секоја од овие функции. Воедно, потребно е да се вклучи и бројот на корекции на грешки од неавтоматското работење во секоја од функциите. Потенцијалните области за ROI (Return On Investment) се конзистентни низ целиот дистрибутивен синџир на прехранбената индустрија (набавувачите, дистрибутерите и операторите).

| ФУНКЦИОНАЛНА ОБЛАСТ | МЕРКИ |
| --- | --- |
| **ЛОГИСТИКА И ДИСТРИБУЦИЈА** | • Оптимизирање на трошоците за транспорт<br>• Продуктивност во дистрибутивната мрежа<br>• Воведување на нови производи<br>• Време на стигнување до пазарот<br>• Логистички трошоци<br>• Трошоци за магацините и продуктивноста<br>• Проблеми при достава на производите<br>• Проблеми со непланираност на начинот на кој се подредуваат производите при транспорт<br>• Плаќање повеќе за достава ако камионот носи помалку производи<br>• Проблеми при магацинското работење (начинот на складирање на производите и инвентирање) |
| **МЕНАЏИРАЊЕ НА ТРУДОТ** | • Времето поминато за решавање на проблемите со потрошувачите<br>• Продуктивност во администрацијата на производите и нарачките<br>• Корекции и подредување на фактурите |
| **АДМИНИСТРАЦИЈА НА НАРАЧКИТЕ И КНИГОВОДСТВОТО** | • Проблем со точноста на нарачките<br>• Грешки во фактурите<br>• Неточни податоци за нарачките и доцнења<br>• Корекции при плаќањата на фактури |

GDSN

# Работилница на тема:
# “Правилник за информации поврзани со храната и промоција на новиот лик на GS1 Каталогот”

GS1 Македонија во соработка со Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија продолжува со серијалот на едукативни семинари на тема: “Правилник за информации поврзани со храната и промоција на новиот лик на GS1 Каталогот”. На 6 ноеври 2015, во Домот на АРМ во Струмица се оддржа успешна работилница на која активно учество зедоа 55 учесници од 42 компании – производители на храна од Струмица, Гевгелија, Валандово, Радовиш и Берово.



Во првиот дел од работилницата тимот на GS1 Македонија го претстави GS1 Каталогот со комплетно нов лик, односно:

- усогласен согласно новиот Правилник на АХВ и ЕУ регулативата 1169/2011,
- тројазичен – македонски, англиски и албански портал,
- проширен со дополнителни сегменти понуда-побарувачка и
- синхронизиран со каталогот FOOD GATE на GS1 Русија што е само прв чекор, бидејќи се планирани синхронизации со сите каталози на кои работаат GS1 организациите во регионот.

GS1 Каталогот како проект на GS1 Македонија постои цела година. За развојниот пат на проектот, бенефитите и идните активности во неговото имплементирање зборуваше Билјана Рембоска, самостоен советник во GS1 Македонија. Техничките можности и начинот на користење на каталогот како алатка пред учесниците ги објасни м-р Кирил

Коровешовски, стручен соработник во GS1 Македонија. Посебен интерес учесниците покажаа за новододадениот сегмет понуда-побарувачка за која зборуваше и детално го објасни начинот на пополнување и пребарување м-р Александар Кедијоски, стручен соработник во GS1 Македонија. На работилницата посебен акцент беше даден и на воспоставената синхронизиран на GS1 Каталогот со каталогот FOOD GATE на GS1 Русија. Со ова синхронизација на македонските производи поставени во GS1 Каталогот им е овозможена видливост на рускиот пазар. Преку воспоставената синхронизација целта на GS1 Македонија беше да даде придонес кон зголемување на конкурентноста на македонските производи преку интернет мрежата.

Во вториот дел од работилницата стручно толкување на новиот Правилник за информациите поврзани за хранат, објавен во Службен весник на РМ бр.150 од 02.09.2015, дадоа претставниците од Агенцијата за храна и ветеринарство на РМ примариус д-р Ленче Јовановска и примариус д-р Лидија Дамевска. Д-р Ленче зборуваше за важноста на донесените закони и правилници од страна на агенцијата кои се однесуваат на означувањето на производите и кои се усогласени со европските регулативи и директиви. Таа потенцираше дека со нивното донесување и спроведување македонските компании се подготвени своите производи да ги продаваат надвор од границите на Република Македонија. Низ конкретни примери, за различни индустрии, даде насока како треба да се комбинираат пропишаните закони и правилници за да се дојде до правилно означување на производ. Детално толкување на новиот Правилник за информациите поврзани со храната, низ конкретни примери даде д-р Лидија Дамеска. Таа особено потенцираше кои се задолжителните информации поврзани со храната кои мора да бидат поставени на етикетите од производите.



По завршување на стручните предавања следеа низа прашања и во однос на новиот Правилник и во однос на пополнување на каталогот. Сите учесници истакнаа дека со вака организирани работилници многу полесно ќе се усогласат по новите одредби од Правилникот а и поставувањето во каталогот на нивните производи е полесно бидејќи тој е усогласен со одредбите на новиот Правилник. Работилницата заврши со повик до компниите за заедничка соработка со цел заеднички да се изгради регистар на македонски производи по светски GS1 стандарди.

АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

GS1 Македонија


GS1 Каталог
Ваш извор
на квалитетни
податоци
www.gs1katalog.mk